ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

ИП1Број : 64 - 152
Датум: 04.07.2023 год.
Скопје

Сектор инспекторат на Општина Карпош преку општинскиот градежен инспектор Душко Андонов со службена легитимација број 79 - 0003 , изврши контролен инспекциски надзор, во постапка против НЕПОЗНАТ ИНВЕСТИТОР и со Записник за извршен контролен инспекциски надзор со ИП1бр. 64 – 152 од 04.07.2023 година, врз основа на член 139 став 3 и член 142 од Законот за градење („Службен весник на РМ " бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 18/20 и 279/20) донесе :

## ЗАКЛУЧОК
### за пристапување кон извршување

1. СЕ УТВРДУВА дека Решението ИП1бр. 64 - 152 од 15.06.2023 година, донесено од страна на општински градежен инспектор при Општина Карпош, Е ИЗВРШНО и се допушта негово административно извршување.
2. СЕ НАРЕДУВА НА НЕПОЗНАТ ИНВЕСТИТОР, по приемот на овој Заклучок, сам ДА ГИ ОТСТРАНИ градбите од член 73 од Законот за градење - ограда, настрешници и помошни објекти за санитарна употреба, што се изведени односно поставени на ул. „1732„ бр. 6б КПбр. 490/2 КО Карпош парцела во сопственост на Република Северна Македонија и вкупна површина од 24.813,00 $m^2$
3. Доколку извршеникот не постапи по овој Заклучок, извршувањето ќе се спроведе по присилен пат за сметка на инвеститорот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Сектор инспекторат на Општина Карпош преку општинскиот градежен инспектор Душко Андонов со службена легитимација број 79 - 0003 , со Решение ИП1бр. 64 - 152 од 15.06.2023 година, му нареди на НЕПОЗНАТ ИНВЕСТИТОР, да ги отстрани градбите од член 73 од Законот за градење - ограда, настрешници и помошни објекти за санитарна употреба, што се изведени односно поставени на ул. „1732„ бр. 6б КПбр. 490/2 КО Карпош парцела во сопственост на Република Северна Македонија и вкупна површина од 24.813,00 $m^2$.

При контролен увид на лице место на ден 04.07.2023 год и со Записник за извршен контролен инспекциски надзор ИП1бр.64 - 152 од 04.07.2023 година констатирано е дека инвеститорот не постапил по Решението ИП1бр. 64 - 152 од 15.06.2023 година, односно не ги отстранил недостатоците утврдени со Записникот за извршен вонреден инспекциски надзор ИП1бр. 64 - 152 од 15.06.2023 година.

Во конкретниот случај изјавената жалба против првостепеното Решение со кое се наредува отстранување на градбата што е без Одобрение за градење, односно без Решение за изведување, а чие извршување се допушта со овој Заклучок согласно член 142 став 2 од Законот за градење

(“Службен весник на РМ “ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 18/20 и 279/.20), не го одлага извршувањето на Решението.

Поради тоа во оваа управна работа, првостепеното Решение во смисла на одредбите на член 142, став 1 од Законот за градење, станува извршно со доставување Заклучок на странките на која се однесува Решението.

Бидејќи споменатото Решение станало извршно, се одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок.

ПРАВНА ПОУКА : Против овој Заклучок може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на заклучокот преку првостепениот орган до државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка. Жалбата се таксира со 250.00 денари административна такса и се поднесува во три примероци.

ОПШТИНСКИ ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР

Душко Андонов, дги.
службена легитимација број 79 - 0003